К. ДЕЛИНИКОЛОВ

# ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА УЧЕБНИКОТ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

За користењето на учебникот по историја во наставната практика многу е пишувано во педагошката литература и се давани разновидни методски упатства. Исто така, секој практичар кога го користел тоа педагошко искуство, секако, поаѓал и од сопственото, та према тоа ја оценувал корисноста од првото. Токму во врска со прашањето, т.е. за користењето на учебникот во наставата по историја би изнесол некои свои искуства и како прилог од автор на учебниците по историја во стручните училишта.

Секако, притоа не мислам дека нафрлените неколку мисли треба да се сфатат како готов рецепт, туку само како пренесување на сопственото наставничко искуство во врска со ползувањето и работата со учебникот.

Како што е познато, во стручните училишта предметот историја е застапен во две години, поради што обемниот наставен материјал во повеќе случаи мора да се обработува во преглед.

Иако наставникот не го изнесува пред учениците само она што е обработено во учебникот, сепак, тој си останува — особено во споменатите училишта — како основно наставно средство, кое на наставникот му ја одредува работата и му ги дава општите насоки.[1]) За учениците, пак, тој е најважниот извор и средство за усвојување на наставниот материјал.

Посебно во стручните училишта немањето на учебник или било каков друг прирачник многу ја отежнува наставната работа. Затоа сме убедени дека појавата на учебниците по историја за I и II клас на стручните училишта во значителна мера ќе придонесе не само да се олеснува туку и да се подобрува и издигне на повисоко ниво наставата по историја во овој вид училишта. Ова дотолку повеќе што изнесениот во нив наставен материјал — во текот на сопствената наставничка практика — е проверуван, преработуван и прилагодуван спрема потребите.

---

[1]) Vagin A. A. i Speranskaja V. N., Osnovna pitanja metodike nastave istorije, Sarajevo 1968 g., str. 242—252.

Но и покрај тоа сметам дека учебникот сè уште не е усовршен. Меѓу другото, и поради тоа што од година в година историскиот материјал добива сè понова научна светлина, а педагошката практика постојано се збогатува со методско искуство. Значи, се доаѓа до нови сознанија, кои можат и треба да доведат до нови измени и прилагодувања во прилог на наставата.

*

*   *

Пред да преминеме на некои мои искуства од ползувањето на учебникот во наставната работа, би укажале на некои особености при составувањето и за физиономијата на учебниците за кои станува збор со оглед на специфичноста на историската настава во стручните училишта.

Пред сè по однос на насоките и концепцијата на наставната програма по историја за тие школи, постоеја главно две стојалишта. Според едното, во учебникот треба да биде застапена повеќе стопанската и културната историја, а според другото, акцентот да биде на политичката и културната историја и во доволна мера со осврти и на стопанската историја. Во тој поглед преовлада второто гледиште, бидејќи се тргнуваше од фактот дека во стручните училишта по другите наставни предмети се изучува во доволна мера стопанската проблематика така што ако и во историјата се изучува нашироко стопанството, тогаш ќе доаѓа донекаде до повторување на ист материјал, а учениците сосем малку ќе знаат за политичката историја. Ова гледиште, според мене, беше исправно. Затоа врз база на тој принцип дека треба да биде застапена повеќе политичката и културната историја, а која ќе се базира на стопанската историја, пристапив кон изработувањето првин на скрипти, а потоа на учебник.

Во учебникот, што се базира на новата наставна програма, наставниот материјал од општата и националната историја е предаден синхронизирано со комплетно обработување на темите по наставни единици и ги опфаќа главно најважните настани и појави од политичката историја, карактеристични за општиот развој на човечкото општество. Исто така во доволна мера е застапен и стопанскиот и посебно културниот развој од што може да се разбере нејзиниот општочовечки карактер и заемните влијанија. Со цел да се задржи континуитетот, во умерена форма е застапен материјалот за првобитното и робовладетелското општество за да стане поопширен за феудалното и капиталистичкото, сето тоа во учебникот за I година, а потоа, пак, за капиталистичкото и на крај за социјалистичкото општество, во учебникот за II година. Деталите што понекаде се среќаваат главно се ставени во заграда и тие повеќе служат за илустрација, а не за задолжително запомнување од страна на учениците.

Согласно интенциите на новата наставна програма за стручните училишта, во учебниците е повеќе посветено внимание на изучувањето на националната историја (59,29%), а посебно на историјата на македонскиот народ (на истата отпаѓа 21,43%) од наведениот процент).

Во обата учебника (за I и II клас) се обработени вкупно по 70 наставни целини (уроци — лекции), така што наставникот има доволен простор за обработување на наставниот материјал, за неговото повторување, обопштување, како и доволно часови за изведување на други форми во наставната работа.

Секоја лекција, односно наставна единица, во учебникот на крајот, како додаток, има прашања, а некои и задача и препорака, или прашања за размислување, сеќавање, објаснување, споредување и сл. Со сето тоа главно се настојуваше да се поттикне ученикот на активно размислување и да се предизвика кај него интерес за проширување на знаењата. Настојував учебниците да одговараат на возраста на учениците и на степенот на нивната подготвеност за усвојување на изнесуваниот материјал, според методските критериуми. Исто така настојував и стилот и јазикот на раскажувањето да биде што подостапен на возраста на учениците. Илустративниот материјал сметам дека методски правилно е вклопен и го дополнува и збогатува текстот. Меѓутоа, поради додатокот (прашањата, задачите и препораката, како и поради илустративниот материјал), некои лекции излегоа на изглед преголеми. Инаку нивниот просек во чист текст се движи меѓу 3 и 4 страници. Но има и лекции кои навистина се преголеми, поради што се зголеми и општиот број на страниците во учебникот. Тоа дојде поради тоа што тие опфаќаат поопширен материјал, кој не може да се подели, поради ограничениот број на часови со кои е застапен предметот историја во стручните училишта. Поради сето тоа, како и поради другите согледувања, се наложува при евентуално второ издание, да се извршат нови прилагодувања. На пример, да се размести или скрати нешто од илустративниот материјал и од текстот кој лесно може да се подразбере од она што е изнесено и сл.

*

* *

Според дидактичкото правило, наставникот пред да пристапи кон работата со нов учебник, прво мора да го проучи во целина, а потоа со него да ги запознае и учениците. При проучувањето на учебникот тој треба да ги согледа неговите општи принципи и како се обработени одделните наставни содржини, особено оние што потешко се усвојуваат или пак оние што се објаснети понакусо за да не се оптеретува учебникот со страници, или се претпоставува од авторот дека учениците тоа го знаат од

основното училиште. Би требало да си ги одбележи лекциите или определените места во учебникот, кои се потешки за усвојување од учениците и за нив ќе треба да даде погрижливо толкување. Сето тоа наставникот може да си го одбележи во својата работна тетратка. Меѓутоа, попрактично е разните податоци, цифри, прашања, подвлекувања и сл. да си ги одбележува на маргините од учебникот што му служи како негов работен примерок. Таквиот „обработен" примерок на учебникот што наставникот си го претворил во свој незаменлив прирачник, секако, значително ќе му помогне полесно да се користи со учебникот и поуспешно да ја изведува наставата.

Во наставната работа, како што е познато, при обработувањето на методските единици се практикува наставникот да прави план што се запишува на училишната табла, кој не би требало да биде поголем од 5 до 6 точки. Планот на лекцијата може да се прави во почетокот на часот, во текот на часот и на крај од часот. На крајот од часот планот може да се прави и со учеството на учениците, односно тие да предлагаат можни формулации на главните точки. Но бидејќи по правило планот на обработката на новиот наставен материјал што се обработува на часот треба да одговара на планот во учебникот, учениците кога предлагаат можни формулации на главните точки за планот на лекцијата обично погледнуваат во учебникот, затоа не би требало често да се практикува таквиот метод на работа. Според моето мислење, пишувањето план на школската табла е неопходно потребно само тогаш кога учениците немаат соодветен учебник. Инаку кога учениците располагаат со пригоден учебник тоа не би требало да биде задолжително правило, бидејќи истите точки веќе се запишани во учебникот. Во таков случај подобро би било да се научат и навикнат учениците да водат самостојно свои белешки, т.е. тие самите да си прават план на лекцијата што ја слушаат, давајќи свои формулации на главните моменти и логичките целини од лекцијата. Поради тоа секој ученик треба да си има своја ученичка тетратка. Но ако така се постапува во наставната работа, тогаш наставникот задолжително треба на крајот од часот да ги покани учениците да ги отворат своите учебници и да им ги посочи и потцрта главните имиња, термини или датуми и накусо да ги образложи главните точки на лекција. Исто така треба да им објасни на учениците — како и на што да посветат поголемо внимание, на што треба да размислат кога ќе ја обработуваат новата лекција дома и сл. А потоа да постави неколку контролни прашања за да провери колку учениците запомниле од лекцијата.

Белешките што треба самостојно да ги водат учениците на часот не би требало да бидат поопширни од една страница. Наставникот треба да внимава белешките што ги водат учениците да не се претворат во правење на резимеа на лекциите. На сличен начин наставникот треба да им даде упатство и пример и да ги научи уче-

ниците како да си прават хронолошка таблица во која ќе ги внесуваат оние важни датуми, кои наставникот посебно ќе ги потцрта за време на своето предавање на часот, а тие се потцртани со масни букви и во самиот учебник. Исто така наставникот треба да ги поканува учениците да го прашаат за сè што ги интересира што е во врска со обработуваниот наставен материјал.

Освен водењето белешки во своите работни тетратки, наставникот треба да ги научи учениците и како да се служат со учебникот. Треба да им покаже како на маргините на својот учебник може и треба да си прибележуваат по нешто, или да потцртуваат некои редови што ќе ги потсетува полесно да го запомнуваат она што го читале. На тој начин учебникот на учениците — со подвлекувањата на оние редови што можат да им послужат како поттик на планот на лекцијата изнесена во учебникот и сл. — ќе им стане незаменлив прирачник и многу ќе им го скрати потребното време за запомнување на лекциите. Јас сум повеќе за оваа форма на работа на часот и дома, отколку пишување план на лекцијата на училишната табла. Сметам дека додека се пишуваат главните точки на таблата се прекинува нормалниот тек на раскажувањето. Наставникот мора секогаш да настојува да го држи будно вниманието на учениците. Зашто штом го отстрани својот поглед од нив, или им го сврти грбот кога треба нешто да запише на таблата, веднаш опаѓа интензитетот на нивното внимание и се нарушува темпото на часот. А во случаите кога вниманието на учениците не е активно и напрегнато, колкаво и да е големо залагањето на наставникот, слаби успеси ќе се постигнат. Зашто, како што е познато, успехот во училишната работа не зависи само од наставникот и наставните методи што тој ги приложува туку и од различни други фактори. Но секако главен фактор претставуваат и учениците, односно нивните способности за усвојување на знаења. Затоа наставникот треба да настојува да пронаоѓа најпогодни начини за всадување на знаењата и да ги поттикнува на размислување, да ги оспособува да доаѓаат до самостојни заклучоци.

*

*  *

Како што е познато целта на образованието не е само да натрупа фактографски материјал што треба да се научи туку да се даде одмерен квантум на знаење, кое ќе им овозможи на учениците да ги сфатат и разберат законитостите на развојот на човечкото општество и неговите современи тенденции и културните достигања на светот. Зашто познато е и тоа дека психичките и интелектуалните можности на човекот не се во состојба да ги зачувуваат трајно историските факти во оној обем во кој се изучуваат во процесот на наставата. Затоа главната цел на наставникот би требало да биде да ги научи учениците како треба да учат и што треба да се научи

за да им послужи во животот. Тоа треба да биде и основна задача на секој наставник. Меѓутоа, за тоа како треба да се учи, како треба да се користи учебникот од учениците малку се говори во нашите училишта[2]). Ретко кој од наставниците во училиштата од втор степен ги упатува учениците како наставниот материјал што го слушале на часот што полесно и побрзо да го научат и од учебникот. Некои наставници само бараат од учениците да ги исполнуваат своите задолженија, а како — не објаснуваат. Секако, треба да се бара од учениците да ги исполнуваат своите задолженија, но за тоа треба да се дадат и потребни објаснувања. Освен тоа, тие барања треба да се движат во рамките на потребите и можностите и да не се претерува. На пример, не може да се бара од учениците задолжително да ги прочитаат приведените во препораката научни или популарни книги; или да ги запаметат сите датуми што се приведени во заграда и сл. Од учениците се бара да знаат факти, датуми, имиња на личности, поjмови и сл., но и во тоа барање не треба да се претерува, како што има случаи кога некои наставници бараат од учениците да ги запомнат годините на раѓањето и смртта на поодделните владетели, наместо да ги бараат оние години во кои во времето на нивното владеење се случил некој важен настан. Според мене, повеќе е важно за Самоиловото царство да се знае 969 година кога се создало, 1014 година кога цар Самоил претрпел волем пораз од Византија во Битката на Беласица, а неговите војници биле ослепени, или 1018 година кога пропаднала Самоиловата држава и сл., отколку да се знае од кога до кога живеел; или за Душановото царство повеќе е важно да се запомнат годините 1346 кога Душан се прогласил за цар, а црквата за патријаршија, 1349 година кога бил донесен Душановиот законик, отколку годините кога дошол на власт и кога умрел и сл.

Колку и да веруваме дека учениците во училиштата од втор степен, посебно во стручните училишта, дошле со доволен квантум знаења и со извесен оформен веќе свој стил на учење стекнат во основното училиште, сепак во стварноста не е така. Во стручните училишта не мал број ученици доаѓаат предимно со оскудни предзнаења од основното училиште. Иако оценките во свидетелството се високи, тие во повеќето случаи или немаат работни навики или не знаат да учат. Тие не знаат или не умеат при раскажувањето да дадат кус увод, главно изложување и заклучок на дадена целина. Поради сето тоа се наложува наставникот одвреме навреме да ги потсетува и поучува учениците како треба да учат.

Како што е познато, секој човек си усвојува определен систем на работа со цел побрзо и полесно да го запомни она што го учи. Така, на пример, некои се визуелни типови и затоа сакаат она што треба да го запомнат да го прочитаат, да го видат; други

---

[2]) Vrbetić Marija — Nastava povijesti u teoriji i praksi, Zagreb 1968 g., str. 9.

луѓе поуспешно го совладуваат материјалот ако само го слушаат кога некој друг им го раскажува или чита. Тоа се акустичките типови. Односно некои запомнуваат ако сами за себе гласно читаат, или на памет читаат, а гласно го раскажуваат она што го прочитале; некои научуваат од едно прочитување, други од повеќе; некои при учењето си прават мал концепт, кој ќе им послужи како потсетник при повторувањето; некои во самиот учебник, читајќи го материјалот, ги подвлекуваат со обичен, а најчесто со црвен молив, оние редови што ги сметаат како битни во дадената лекција; некои го учат материјалот фрагментарно, други глобално, односно целосно, или комбинирано итн. итн. Овие начини на учење им се кажани на учениците или самите тие некаде ги прочитале, но најчесто ги „забораваат" поради немање работни навики или поради преоптовареност со домашни задачи. Таквите ученици се задоволуваат само со едно погледнување или прочитување во учебникот, без да се вратат и размислат за она што прочитале и што научиле. Во такви случаи колку и да се големи напорите на наставникот, учениците малку ќе совладаат од наставниот материјал, а уште помалку ќе можат самостојно и слободно да го изнесат и она што малку го совладале. Ете затоа е потребно наставникот секогаш да ги поучува и насочува учениците како да го совладуваат материјалот на часот и како да учат од учебникот дома, при што во основата секогаш мора да лежи читањето, проучувањето, повторувањето и желбата она што се слуша на часот и она што се чита дома да се научи и трајно да се усвои. Тоа ќе го постигне ученикот на тој начин што секогаш целиот наставен материјал во општи линии и она што е најбитно треба самиот тој да си го повторува. Секогаш пред да мине кон проучувањето на новиот материјал, треба да го повтори и утврди стариот материјал. Постапноста и системноста се основни елементи во секој метод на учење и претставуваат гаранција за постигнување на посигурни успеси.

Со овие кратки методски упатства не се решава проблемот за тоа како најефикасно може и треба да се користи учебникот во наставата и како да се поучуваат учениците да работат, ниту со тоа се исцрпува сета работа на наставникот. Тој, ако сè уште не е опитен, треба на други места да прочита и научи за образовните и идејно-воспитните задачи што треба да се реализираат на часот по историја, за рационализацијата на наставата воопшто и сличните актуелни проблеми на наставата по историја.